**Влада на Република Северна Македонија**

# З А П И С Н И К
од Седумнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 3 септември 2024 година

Скопје, септември 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Седумнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 септември 2024 година**

Седницата започна во 12:35 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Гордана Димитриеска - Кочоска, министер за финансии, , Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, Горан Минчев, министер за јавна администрација, д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, како и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Хасим Муртезани.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, проф. д-р Лулзим Алиу, заменик на министер за образование и наука, м-р Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација и м-р Сафије Садики Шаини, заменик на министерот за спорт.

На седницата присуствуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и нотар Методија Ристовски.

Од седницата отсуствуваа д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и Борко Ристовски, министер за спорт.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од 14-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 август 2024 година

1. Ценовник за висината на цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението од регионалниот водоснабдителен систем Студенчица кон корисниците на Јавното претпријатие „Студенчица“ - Кичево за регулиран период 2024-2026 година, со дополнувања и со Предлог-одлука

2. Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на надоместок за испорачана количина на вода за водоснабдување на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје

3. Информација за добивање на согласност за доделување на времено користење на недвижни ствари без надоместок на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост, со Предлог – одлука

4. Предлог-одлука за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Агенцијата за квалитет во високото образование

5. Предлог - одлука за престанок на користење на недвижна ствар на Министерството за образование и наука

6. Предлог - уредба за изменување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2024 година

7. Предлог – уредба за изменување и дополнување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој

8. Предлог - програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2024 година и ја донесе Програмата

9. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2024 година

10. Предлог - програма за изменување на Програмата за поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност за 2024 година

11. Предлог - програма за изменување и дополнување на Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството за 2024 година

12. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за проширена репродукција на шумите за 2024 година

13. Предлог - програма за изменување на Програмата за поттикнување на потрошувачка на свежо овошје за 2024 година

14. Предлог - програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2024 година

15. Предлог - уредба за изменување и дополнување на Уредбата за начинот на распределба, дистрибуција и ревизија на искористеноста на дозволите за меѓународен превоз на стока

16. Информација за отпочнување со реализација на проектот: Изградба на главен колектор и станица за пречистување на отпадни води во с. Трпејца, Општина Охрид

17. Информација за отпочнување со реализација на проектот: Изградба на атмосферска канализација на дел од улиците „Илија Алексов“, „крак на улица 8“, „улица 8“, „улица 9“ во УБ15, Општина Радовиш

18. Информација за отпочнување со реализација на проектот: Изградба на фекална канализација на дел од ул. „Кленоец“ и изградба на атмосферска канализација на дел од ул. „Кленоец“, Општина Охрид

19. Информација за отпочнување со реализација на проектот: Реконструкција на водоводна мрежа и реконструкција на мешовита канализациона мрежа на ул.„11 Март“, ул.„Панде Николов“, ул.„Козара“ и ул.„Чеде Филиповски - Даме“, Општина Битола

20. Предлог - одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Велес

21. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – минерална вода на локалитетот „Мулаица“, с.Буково, Општина Битола, со Предлог-одлука

22. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – минерална вода на локалитетот „Мулаица“, с.Буково, Општина Битола, со Предлог-одлука

23. Информација за реконструкција на дел од регионален пат Р2236 поврзано со имплементација на ИПА проектот „Воспоставување на интегриран и самоодржлив регионален систем за управување со отпад во Источниот и Североисточниот Регион“

24. Предлог за поведување постапка за водење на преговори за склучување на Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Кралството Шпанија за соработка во борбата против криминалот, со Нацрт-текст на Договор

25. Информација за именување претседател, генерален секретар и членови на Националната комисија за УНЕСКО на Република Северна Македонија, со Предлог-решение

26. Кадровски прашања

27. Прашања и предлози

28. Информација за Осумнаесеттиот годишен работен состанок на министрите за земјоделство од Југоисточна Европа (ЈИЕ)

29. Извештај за реализација на средства од програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој и рибарство со аквакултура за 2023 година

30. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за транспорт

31. Информација во врска со покренат спор од страна на Енергетската заедница против Република Северна Македонија (Case ESC-29/24)

32. Предлог – одлука за одобрување средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година

33. Предлог-одлука за распределба на средства остварени по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините за 2022 година

34. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште, по скратена постапка

35. Предлог на закон за изменување на Законот шумите, по скратена постапка

36. Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Унгарската експорт - импорт банка приватно друштво со ограничена одговорност по Договор за заем за буџетско финансирање и финансирање на општи цели, по скратена постапка

37. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка

38. Предлог - одлука за посебни услови за трговијата на одделни стоки

39. Информација за добивање на согласност за отпочнување на постапка за преземање на активности за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија)

40. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 22 август 2024 година до 28 август 2024 година

41. Известување за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија за период од 20 август 2024 до 26 август 2024 година

42. Информација за статус на нереализирана исплата на државна помош/финансиска поддршка на веќе склучени договори

43. Информација за Националниот план за безбедност на пациенти (2024-2030), со Акциски план

44. Информација за потребата од склучување на меморандум за соработка со International Hospital Group од Лондон, Британија, со текст на Меморандум

45. Информација во врска со одржување на Годишно собрание на акционерите на ЕВН Македонија АД, Скопје, закажано за 10 септември 2024 година

46. Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изградба на универзитетски објекти и партерно уредување за потребите на Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје – прва фаза

*

*        *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Четиринаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 август 2024 година.

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата по Ценовникот за висината на цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението од регионалниот водоснабдителен систем Студенчица кон корисниците на Јавното претпријатие „Студенчица“ - Кичево за регулиран период 2024-2026 година, со дополнувања и со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Ценовникот за висината на цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението од регионалниот водоснабдителен систем Студенчица кон корисниците на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“-Кичево.

**Точка 2**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на надоместок за испорачана количина на вода за водоснабдување на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за доделување на времено користење на недвижни ствари без надоместок на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост.

**Точка 4**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Агенцијата за квалитет во високото образование, за наредната седница на Владата.

**Точка 5**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на користење на недвижна ствар на Министерството за образование и наука.

**Точка 6**

Владата ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2024 година.

Се укажува на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да заземе поцврст став во преговорите со мелничко - пекарскиот сектор.

## Точка 7

Владата ја разгледа Предлог – уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој и условно ја донесе Уредбата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии, потребните средства за реализирање на активностите да се обезбедат во рамки на одобрениот буџет на Министерството.

## Точка 8

Владата ја разгледа Предлог - програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2024 година и ја донесе Програмата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Министерството за финансии.

Истовремено, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да заземе поцврст став во преговорите со мелничко - пекарскиот сектор.

## Точка 9

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2024 година и ја донесе Програмата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Министерството за финансии.

Истовремено, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да заземе поцврст став во преговорите со мелничко - пекарскиот сектор.

## Точка 10

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност за 2024 година.

**Точка 11**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството за 2024 година.

Истовремено, Владата заклучи, предлагачот да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии, потребните средства за реализирање на активностите да се обезбедат во рамки на постоечкиот буџет на Министерството.

Исто така, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да заземе поцврст став во преговорите со мелничко - пекарскиот сектор.

**Точка 12**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за проширена репродукција на шумите за 2024 година.

**Точка 13**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за поттикнување на потрошувачка на свежо овошје за 2024 година.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии, потребните средства за реализирање на активностите да се обезбедат во рамки на постоечкиот буџет на Министерството.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Предлог - програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2024 година и ја донесе Програмата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Министерство за финансии.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Предлог - уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за начинот на распределба, дистрибуција и ревизија на искористеноста на дозволите за меѓународен превоз на стока и ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за начинот на распределба, дистрибуција и ревизија на искористеноста на дозволите за меѓународен превоз на стока, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување со реализација на проектот: Изградба на главен колектор и станица за пречистување на отпадни води во с. Трпејца, Општина Охрид и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2024 и 2025 година на Министерството за транспорт, за Изградба на главен колектор и станица за пречистување на отпадни води во с. Трпејца, Општина Охрид, во вкупна вредност од 68 милиони денари со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:
- 2024 година – средства во износ од 20 милиони денари со вклучен ДДВ и
- 2025 година – средства во износ од 48 милиони денари со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за транспорт да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветни фискални години.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување со реализација на проектот: Изградба на атмосферска канализација на дел од улиците „Илија Алексов“, „крак на улица 8“, „улица 8“, „улица 9“ во УБ15, Општина Радовиш и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2024 и 2025 година на Министерството за транспорт, за Изградба на атмосферска канализација на дел од улиците „Илија Алексов“, „крак на улица 8“, „улица 8“, „улица 9“ во УБ15, Општина Радовиш, во вкупна вредност од 21 милион денари со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 2024 година – средства во износ од 8 милиони денари со вклучен ДДВ и
- 2025 година – средства во износ од 13 милиони денари со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за транспорт да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветната фискална година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување со реализација на проектот: Изградба на фекална канализација на дел од ул. „Кленоец“ и изградба на атмосферска канализација на дел од ул. „Кленоец“, Општина Охрид и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2024 и 2025 година на Министерството за транспорт, за изградба на фекална канализација на дел од ул. „Кленоец“ и изградба на атмосферска канализација на дел од ул. „Кленоец“, Општина Охрид, во вкупна вредност од 21 милион денари со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:
- 2024 година – средства во износ од 8 милиони денари со вклучен ДДВ и
- 2025 година – средства во износ од 13 милиони денари со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за транспорт да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветната фискална година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветна фискална година.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување со реализација на проектот: Реконструкција на водоводна мрежа и реконструкција на мешовита канализациона мрежа на ул.„11 Март“, ул.„Панде Николов“, ул.„Козара“ и ул.„Чеде Филиповски - Даме“, Општина Битола и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2024 година и 2025 година на Министерството за транспорт, за реконструкција на водоводна мрежа и реконструкција на мешовита канализациона мрежа на ул.„11 Март“, ул.„Панде Николов“, ул.„Козара“ и ул.„Чеде Филиповски Даме“, Општина Битола, во вкупна вредност од 11,1 милиони денари со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 2024 година – средства во износ од 4 милиони денари со вклучен ДДВ и

- 2025 година – средства во износ од 7,1 милиони денари со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за транспорт да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветни фискални години.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Велес и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 21**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „с.Идризово“, Општина Гази Баба.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – минерална вода на локалитетот „Мулаица“, с.Буково, Општина Битола, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за реконструкција на дел од регионален пат Р2236 поврзано со имплементација на ИПА проектот „Воспоставување на интегриран и самоодржлив регионален систем за управување со отпад во Источниот и Североисточниот Регион“ и притоа заклучи:

1. Ја усвои Информацијата за реконструкција на дел од регионален пат Р2236 поврзано со имплементација на ИПА проектот „Воспоставување на интегриран и самоодржлив регионален систем за управување со отпад во Источниот и Североисточниот Регион“, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Министерството за финансии.

2. Се препорачува на Јавното претпријатие за државни патишта и се задолжува Министерството за транспорт до крај на 2024 година да обезбедат одобрување на Проектот за инфраструктура и издавање на одобрение за градење / реконструкција на регионален пат Р2236.

3. Се задолжува Министерството за внатрешни работи, во соработка со Министерството за транспорт, да се произнесе во однос на приклучокот и трајниот сообраќаен режим предвидени со проектот за инфраструктура.

4. Се задолжува Министерството за транспорт во буџетите за 2025, 2026 и 2027 година да предвиди финансиски средства за Јавното претпријатие за државни

патишта за реализација на Проектот за реконструкција на дел од регионален пат Р2236.

5. Се препорачува на Јавното претпријатие за државни патишта во Годишната програма за 2025 година да предвиди реализација на Проектот за реконструкција на регионален пат Р2236.

6. Се препорачува на Јавното претпријатие за државни патишта да заврши со реконструкција на дел од регионален пат Р2236 поврзано со имплементација на ИПА проектот „Воспоставување на интегриран и самоодржлив регионален систем за управување со отпад во Источниот и Североисточниот Регион", најдоцна до крај на 2026 година.

<u>Точка 24</u>

Владата го разгледа Предлогот за поведување постапка за водење на преговори за склучување на Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Кралството Шпанија за соработка во борбата против криминалот, со Нацрт-текст на Договор и го усвои со следните заклучоци:

1. Го разгледа и го прифати предлогот во врска со избор на меѓународна адвокатска куќа во арбитражната постапка по предметот INTRAKAT SOCÍETE ANONYME TECHNICAL AND ENERGY PROJECTS via and represented by INTRAKAT SOCIETE ANONYME TECHNICAL AND ENERGY PROJECTS - Branch Office Skopje (Greece) vs. REPUBLIC OF N. MACEDONIA, MINISTRY OF HEALTH (N. Macedonia) (ICC 28278/ELU) како правен застапник да се ангажира адвокатската куќа „Fenwick El-liot LLP".

2. Се овластува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, најдоцна во рок од три дена, да ја информира адвокатската куќа дека е избрана за правен застапник во наведената арбитражна постапка.

3. Се овластува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, во име на Владата на Република Северна Македонија да ги потпише правните исправи со кои се овластува адвокатската куќа „Fenwick Elliot LLP" да ја застапува Република Северна Македонија во арбитражна постапка по предметот INTRAKAT SOCÍETE ANONYME TECHNICAL AND ENERGY PROJECTS via and represented by INTRAKAT SOCIETE ANONYME TECHNICAL AND ENERGY PROJECTS - Branch Office Skopje (Greece) vs. REPUBLIC OF N. MACEDONIA, MINISTRY OF HEALTH (N. Macedonia) (ICC 28278/ELU) и за тоа во рок од 14 дена да ја информира Владата.

4. Се согласува со содржината на предложеното писмо за ангажирање и полномошно за застапување по предметот INTRAKAT SOCÍETE ANONYME TECH-NICAL AND ENERGY PROJECTS via and represented by INTRAKAT SOCIETE ANONYME TECHNICAL AND ENERGY PROJECTS - Branch Office Skopje (Greece) vs.

REPUBLIC OF N. MACEDONIA, MINISTRY OF HEALTH (N. Macedonia) (ICC 28278/ELU), доставени од страна на адвокатската куќа Fenwick Elliot LLP и предлог наведените цени за давање на адвокатски услуги.

5. Се овластува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, и министер за транспорт, во својство на претседавач на Координативното тело, во рок од три дена по усвојувањето на оваа информација да ги потпише предложените документи и тоа писмото за ангажирање и полномошното за застапување за арбитражната постапка по предметот INTRAKAT SOCÍETE ANONYME TECHNICAL AND ENERGY PROJECTS via and represented by INTRAKAT SOCIETE ANONYME TECHNICAL AND ENERGY PROJECTS - Branch Office Skopje (Greece) vs. REPUBLIC OF N. MACEDONIA, MINISTRY OF HEALTH (N. Macedonia) (ICC 28278/ELU), кои се доставени во прилог.

## Точка 25

Владата ја разгледа Информацијата за именување претседател, генерален секретар и членови на Националната комисија за УНЕСКО на Република Северна Македонија, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за именување претседател, генерален секретар и членови на Националната комисија за УНЕСКО на Република Северна Македонија.

## Точка 26

1. Владата од должноста членови на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, ги отповика:

- Зоран Ѓоргијев,
- Трим Река,
- Митко Белимов,
- Шукри Масурица и
- Азем Фејзоски од независен.

1.1 Владата за членови на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, ги избра:

- Марјан Стефановски,
- Блерим Јакупи,
- Абаз Демири за независен,
- Гоце Маркоски и
- Дени Милевски.

2. Владата од должноста членови на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија ц.о. Скопје, ги разреши :

- Боро Варошлија,
- Божин Петрески,
- Даут Хајрулахи,
- Марјан Кицев,
- Ленче Коцевска,
- Љупчо Фармакоски и
- Станка Трајкова.

**2.1.** Владата за членови на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија ц.о. Скопје, ги именува :

- Диана Ристовска Додевски,
- Бети Живадиновиќ,
- Ирена Петковски, претставник од Министерството за финансии,
- Исак Емини, претставник од Министерството за социјална политика демографија и млади,
- Игор Китаноски, претставник од репрезентативниот синдикат член на Економско-социјалниот совет,
- Љупчо Фармакоски, претставник од репрезентативното здружение на работодавачите член на Економско социјалниот совет и
- Станка Трајкова, претставник од Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.

**3.** Владата ги разреши од должноста членови на Управниот одбор на Централниот регистар на Република Северна Македонија:

- Љутфи Ајет,
- Стефан Јанчевски,
- Едис Хасан,
- Никола Поповски и
- Панче Филиповски.

**3.1.** Владата ги именува за членови на Управниот одбор на Централниот регистар на Република Северна Македонија:

- Нада Симјаноска,
- Катерина Антовска,
- Петар Робески,
- Блерим Златку и
- Диана Димитровска.

**4**. Владата го именува Ивица Боцевски за специјален претставник на Владата на Република Северна Македонија при унгарското претседателство со Советот на Европската Унија.

5. Владата го разреши Митко Крстески од должноста директор на Службата за просторен информативен систем, орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање.

6. Владата го именува Јетон Сума за директор на Службата за просторен информативен систем, орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

7. Владата го разреши Џемил Ќамили од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството – Битола.

8. Владата го именува Пеце Стојковски за вршител на должноста директор на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството – Битола и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

9. Владата го разреши Борче Петковски од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството – Битола.

10. Владата го именува Ерол Абдиу за вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството – Битола и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

11. Владата го именува Блерим Сулејмани за вршител на должноста заменик на директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

12. Владата од должноста членови и вршители на должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта-Скопје ги разреши:

- Незарим Аљиљи од член,
- Андријана Томовска од член,
- Лавдурим Вејселовски од член,
- Иван Ристовски од член,
- Садула Камбери од в.д.член,
- Александар Ружин од в.д.член и
- Арбен Садику од в.д.член.

12.1. Владата за вршители на должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта-Скопје ги именува:

- Џемиљ Сали,
- Амир Дураку,
- Ленче Груевска,
- Звезда Сиљаноска,
- Горан Ковчегарски,

- Александар Антовски и
- Стојче Кречев.

**13.** Владата од должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта-Скопје ги разреши:
-Рената Бојаровска
- Ваљбоне Фазлија,
-Ивица Михајловиќ и
-Иса Абази.

**13.1**. Владата на Тања Димитрова, член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта-Скопје и утврди престанок на мандатот согласно закон.

**13.2.** Владата за вршители на должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта-Скопје ги именува:

- Гоце Трајчевски
- Зоран Тошиќ и
- Јасмин Калач.

**14.** Владата го разреши Зулфиќар Зејнулаи, од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Дирекцијата за заштита и спасување.

**15**. Владата го именува Кашмир Салиу за вршител на должноста заменик на директорот на Дирекцијата за заштита и спасување и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**16**. Владата го разреши Рефик Мустафи, од должноста вршител на должноста директор на Управата за електронско здравство, орган во состав на Министерството за здравство.

**17**. Владата го именува Фикрет Шабани за вршител на должноста директор на Управата за електронско здравство, орган во состав на Министерството за здравство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**18.** Владата го отповика Васко Ристов од должноста директор на Културно – информативниот центар на Република Северна Македонија во Софија, Република Бугарија, на предлог на министерот за култура и туризам.

**19**. Владата го именува Зоран Пејковски за директор на Културно – информативниот центар на Република Северна Македонија во Софија, Република Бугарија, на предлог на министерот за култура и туризам.

**20**. Владата го именува Африм Идризи за вршител на должноста заменик на директорот на Казнено поправната установа Затвор Скопје и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**21**. Владата ја разреши Јасмина Лескаровска од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот.

**22**. Владата ја именува Билјана Стефаноска за вршител на должноста директор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

**23.** Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта - Скопје, да го разреши Нефрус Челику од должноста директор на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта - Скопје, а за вршител на должноста директор да го избере Башким Хасани.

<u>Точка 27</u>

**1.**Владата на предлог на м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, а во врска со објавувањето на Јавниот повик за изразување на интерес од страна на општините за финансирање на проекти од Потпрограма АА, Инфраструктурни проекти на општините, кој треба да се објави најдоцна до 5.9.2024 година и номинирањето на членови за формирање на Координативното тело за следење и координација на активностите за спроведување на Потпрограмата АА, Инфраструктурни проекти на општините, заклучи:

1) Се задолжуваат сите министерства кои не ги објавиле критериумите за Јавниот повик за изразување на интерес од страна на општините за финансирање на проекти од Потпрограма АА, Инфраструктурни проекти на општините, веднаш да ги објават критериумите на своите веб-страници и да достават линк од објавата до Министерството за локална самоуправа.

2) Се задолжуваат сите министерства кои до Министерството за локална самоуправа не доставиле номинации за членови во Координативното тело за следење и координација на активностите за спроведување на Потпрограмата АА, Инфраструктурни проекти на општините, истото да го сторат веднаш.

**2.**По повод укажувањето на Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, Владата заклучи:

1) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија - Координативно тело за следење на спроведувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, за наредната седница на Владата да достави информација во однос на усогласувањата на сите законски норми со измените на Законот за организација и работа на органите на државната управа.

2) Се задолжуваат сите министерства кои треба да направат измени на законите (секој од своја надлежност), согласно изменувањата на Законот за организација и работа на органите на државната управа, на наредната седница на Владата да информираат за бројот на закони кои треба да се изменат и за прогресот на активностите по ова прашање.

**3**.Владата го разгледа Барањето за измена на Заклучокот од Седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 јули 2024 година, донесен по Точка 21 „Информација за специјална економска соработка на Република Северна Македонија со Унгарија“ и заклучи истиот да се измени и да гласи:

„За таа цел Владата, го задолжи д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, во Унгарија да потпише билатерален договор за специјална економска соработка на Република Северна Македонија со Унгарија.“.

**4**.Владата по повод укажувањето на Зоран Љутков, министер за култура и туризам, за изменување на Заклучок од точка 73 (Прашања и предлози) од Петнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 август 2024 година, по повод одбележување на 8 Септември-Ден на независноста и заклучи истите да се изменат и дополнат и да гласат:

1. Заклучокот број 1 да се измени и да гласи:

- Делегација, во состав:

- Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт;

- д-р Весна Јанева, министер за образование и наука и

- Зоран Љутков, министер за култура и туризам,

- во 12:00 часот, да положи свежо цвеќе на гробиштата на поранешните претседатели Киро Глигоров и Борис Трајковски, како и на гробот на Никола Кљусев, прв претседател на Владата на Република Македонија и на партизанските гробишта.

2. По заклучокот број 16 се додава нов заклучок кој гласи:

17. Се задолжува Министерството за култура туризам да организира пригодна културно-уметничка програма составена од настапи на оркестрите на Национална опера и балет – Скопје, Националната установа Филхармонија на Република Северна Македонија и Националната установа Оркестар за џез - музика на Република Северна Македонија-Скопје на 8 септември – Ден на независноста. Секоја од задолжените национални установи од културата е должна да ги покрие

трошоците за работа на вработените на неработен ден, соглсно закон и Колективен договор.

**5**.Владата, по повод укажувањето на Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем и претставник на Владата кој учествува на неделните координативни средби во Собранието на Република Северна Македонија, за потребата да биде навремено известен во врска за материјалите кои се доставуваат во собраниска постапка, заклучи:

1) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија сите материјали кои се доставуваат во собраниска постапка, да се доставуваат и до Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем и претставник на Владата кој учествува на неделните координативни средби во Собранието на Република Северна Македонија.

2) Се задолжуваат членовите на Владата да го информираат Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем и претставник на Владата кој учествува на неделните координативни средби во Собранието на Република Северна Македонија, за итноста и приоритетот на материјалите кои се доставуваат во собраниска постапка.

3) Министерствата да не практикуваат доставување на предлози на закони по скратена постапка, односно оние законите за кои постои можност, да се доставуваат до Собранието на Република Северна Македонија по редовна постапка.

**6**.Владата заклучи:

- Се задолжува Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче" – Велес, да достави информација до Владата за состојбата во Јавното претпријатие, за склучениот Договор со водокорисникот М-6 Аграр ДООЕЛ Скопје, за испорака на езерска вода за наводнување на лозови плантажи, со резултати од испитувањето на водата во референтни лаборатории, како и за степенот на изградба на кракот за реализација на проектот за дополнување (ревитализација) на езеро „Младост", со водите од акумулација „Лисиче".

## <u>Точка 28</u>

Владата ја разгледа Информацијата за Осумнаесеттиот годишен работен состанок на министрите за земјоделство од Југоисточна Европа (ЈИЕ), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи декларацијата да се донесе со акламација, за да нема потреба од потпишување на инволвираните страни.

## Точка 29

Владата го разгледа Извештајот за реализација на средства од програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој и рибарство со аквакултура за 2023 година, како материјал за информирање.

## Точка 30

Владата ја разгледа Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за транспорт и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 31

Владата ја разгледа Информацијата во врска со покренат спор од страна на Енергетската заедница против Република Северна Македонија (Case ESC-29/24), ја усвои и го задолжи Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, во рок три дена до Секретаријатот за енергетската заедница да го достави одговорот на спорот против Република Северна Македонија.

## Точка 32

Владата ја разгледа Предлог – одлуката за одобрување средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 33

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за распределба на средства остварени по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините за 2022 година, и условно ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

## Точка 34

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште, по скратена постапка и условно го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон, да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Министерството за финансии-Управа за имотно - правни работи да достави мислење по материјалот.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште, по скратена постапка, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и д-р Фљакрон Беџети, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Даниела Иротова - Лазарова, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Жанета Ѓорѓиевска, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 35**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот шумите, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон, да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за шумите, по скратена постапка, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и д-р Фљакрон Беџети, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Даниела Иротова - Лазарова, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Јордан Здравковски, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 36**

Владата го разгледа Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Унгарската експорт - импорт банка приватно друштво со ограничена одговорност по Договор за заем за буџетско финансирање и финансирање на општи цели, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска - Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за

повереници Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии.

**Точка 37**

Владата повторно го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

Истовремено, предлагачот во прилог на материјалот да достави пополнет Образец за проценка на фискалните импликации, со потребните средства кои би произлегле од спроведувањето на Предлогот на закон, согласно укажувањата на Министерството за финансии.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, а за повереници Фатмир Сабрију, државен секретар во Министерството за социјална политика, демографија и млади и Јехона Рамадани, раководител на сектор во Министерството за социјална политика, демографија и млади.

**Точка 38**

Владата ја донесе Одлуката за посебни услови за трговијата на одделни стоки.

Истовремено, Владата го задолжи Државниот пазарен инспекторат да направи контрола и да ја провери состојбата на терен, односно да утврди дали трговците ги спроведуваат одредбите од Одлуката за посебни услови за трговијата на одделни стоки, донесена на седницата, одржана на 3 септември 2024 година и за истото на наредната седница да ја информира Владата.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за отпочнување на постапка за преземање на активности за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, ја усвои Информацијата и ја задолжи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, во соработка со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство, да подготви и до Владата да достави Одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/ или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, која да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

Исто така, Владата ја задолжи Службата за општи  и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, во рок од 8 ( осум) дена од денот на влегувањето во сила на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/ или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, да ја започне постапката за склучување на договор за отпад.

**Точка 40**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 22 август 2024 година до 28 август 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 41**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија за период од 20 август 2024 до 26 август 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на нереализирана исплата на државна помош/финансиска поддршка на веќе склучени договори, ја усвои и го задолжи генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, да ги потпише налозите за плаќање по основ на поднесените и прегледани барања за исплата на следниве пет корисници на државна помош/финансиска поддршка:

- Кромберг и Шуберт Македонија ДООЕЛ Битола (по основ на договор за државна помош како индивидуална помош),
- Озон ДООЕЛ Скопје (по основ на договор за финансиска поддршка согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции),
- Валенсис ДОО Скопје (по основ на договор за финансиска поддршка согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции),
- Елида-Екс ДОО Куманово (по основ на договор за финансиска поддршка согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции) и

- Смрчак ДООЕЛ Ресен (по основ на договор за финансиска поддршка согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции).

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата за Национален план за безбедност на пациенти (2024-2030), со Акциски план, ја усвои Информацијата и го прифати Акцискиот план за безбедност на пациентите (2024-2030).

**Точка 44**

Владата повторно ја разгледа Информацијата за потребата од склучување на меморандум за соработка со International Hospital Group од Лондон, Британија, со текст на Меморандум и притоа заклучи:

- Се задолжува Министерството за здравство на сите заинтересирани правни субјекти кои пројавуваат интерес за евентуално идно учество во постапката за продолжување на изградбата на Клиничката болница Штип и Општата болница Кичево, да ги направи достапни документацијата и информациите кои не се од доверлив карактер, а се во врска со досегашниот статус на изградбата.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржување на Годишно собрание на акционерите на ЕВН Македонија АД, Скопје, закажано за 10 септември 2024 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го овласти Горан Николов, согласно член 392 од Законот за трговските друштва, во својство на полномошник на Владата на Република Северна Македонија, како акционер во ЕВН Македонија АД, Скопје, да присуствува на Годишното собрание на акционерите на ЕВН Македонија АД, Скопје, закажано за 10 септември 2024 година, со почеток во 14 часот.

Издаденото полномошно да биде заверено кај нотар.

2. Заклучоците да се доставаат до овластеното лице, кое согласно член 392 од Законот за трговските друштва, има својство на полномошник и претставник на акциите на Владата на Република Северна Македонија во Друштвото, како инструкција за начинот на гласање на Собранието на акционери на ЕВН Македонија АД, Скопје, закажано за 10 септември 2024 година, односно да гласа како што е утврдено во четвртиот и петтиот заклучок.

3. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да го извести ЕВН Македонија АД, Скопје за назначениот полномошник на Владата на Република Северна Македонија на Собранието на акционери на ЕВН Македонија АД, Скопје.

4. По однос на делот насловен како ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ (со вкупно 4 точки) се овластува полномошникот на Владата на Република Северна Македонија да гласа „ЗА“ и тоа по однос на точките:
1) Отворање на седницата на Годишното собрание;
2) Избор на претседавач на Годишното собрание;
3) Именување нотар за водење записник на Годишното собрание и
4) Избор на бројач на гласови.

5. По однос на делот насловен како РАБОТЕН ДЕЛ, се задолжува полномошникот на Владата на Република Северна Македонија да гласа на следниот начин:
- За точка 1 „Предлог-одлука за отповикување на член на Надзорниот одбор на ЕВН Македонија АД, Скопје“, да гласа „ЗА“.
- За точка 2 „Предлог-одлука за избор на нов член на Надзорниот одбор на ЕВН Македонија АД, Скопје“, да гласа „ ЗА“.
- За точка 3 „Разно“ да гласа „ВОЗДРЖАНО“.

## Точка 46

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изградба на универзитетски објекти и партерно уредување за потребите на Универзитетот „Мајка Тереза” во Скопје – прва фаза и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Министерство за образование и наука за изградба на универзитетски објекти и партерно уредување за потребите на Универзитетот „Мајка Тереза” во Скопје – прва фаза, со следнава динамика:

- 12.500.000 денари со вклучен ДДВ за 2024 година и по

- 528.875.000 денари со вклучен ДДВ за 2025, 2026, 2027 и 2028 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

*

*         *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:50 часот.

| Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија | Претседател на Владата на Република Северна Македонија |
| --- | --- |
| Игор Јанушев | проф. д-р Христијан Мицкоски |